


Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани и талентирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

## *Референт во Дирекција Маркетинг и реклама*

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

***Биди и ти дел од нашиот тим! ….***

**Потребни квалификации и вештини:**

- Високо стручно образование
- Одлично познавање на англиски јазик
- Напредно користење на MS Office;
- Подготвеност за преземање одговорност и иницијатива и способност за брзо реагирање;
- Комуникациски, организациски и аналитички вештини, ориентираност кон резултати, способност за тимска работа;
- Возачка дозвола Б категорија.

**Работни активности:**

- Учествува во изработувањето на годишниот маркетнинг план за акции и промотивни кампањи за промоција на продукти/услуги на Банката;
- Учествува во подготовката на медиа планови за реклама на atl, btl-активности, ТВ, интернет портали, радио, весници, билборди, надворешно брендирање;
- Учествува во Изработувањето на Brif до Маркетинг агенција, предлози за идејно дизајнерско решение на одредена реклама за конкретен продукт/услуга или имиџ кампања;
- Предлага и учествува во создавањето на различните видови рекламни материјали, текстови на флаери, постери, каре за медиуми и други;
- Спроведување медиумско истражување;
- Дефинирање целна публика;
- Учество во администрацијата на веб страните;
- Управување со социјалните медиуми: Стратегија за содржина, создавање содржина, управување со проекти;
- Врши графички дизајн и адаптација на дизајн, фотомонтажа;
- Учествува во организацијата на маркетинг активности;
- Следи објави поврзани со Банката на интернет;

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат горенаведените критериуми,
потребно е да испратат кратка биографија на e-mail **jobs@unibank.com.mk**
најдоцна до 30.11.2023 година

Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификции и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти.

Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законсите прописи.

Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk